РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-858/2
12-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на ден 02.06.2025 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата со број 12-858/1 од 25.02.2025 година, со наводи против службени лица во Министерството за внатрешни работи на РСМ, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-858/1 од 25.02.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта, на ден 25.02.2025 година, поднесена е пријава со наводи против службени лица во Министерството за внатрешни работи на РСМ и оформен е предмет број 12-858/1 од 25.02.2025 година.

Исто така, пријавата е насловена и до други надлежни органи: Министерството за внатрешни работи на РСМ, Министерството за внатрешни работи на РСМ – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, Јавното обвинителство Скопје, Народниот правобранител на РСМ, Транспаренси Интернешнл Македонија, Инспекцискиот совет на РСМ, Амбасадата на САД во РСМ, Интерпол, Еуропол, а е доставена до повеќе електронски адреси, вклучувајќи и ја електронската адреса на ДКСК.

Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на тоа дека лица мигранти од одредени држави се кријат во повеќе локаци во Скопје и дека престојуваат со лажни патни исправи кои им биле издадени од службени лица во Министерството за внатрешни работи на РСМ.

По увидот во содржината на пријавата ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување бидејќи подносителот ја доставил пријавата и до органите кои се надлежни за посочените наводи, Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК